АМСМ

# БЕЗБЕДНИ УЧИЛИШНИ ЗОНИ

## "Star Rating for Schools"

РЕПОРТ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА БЕЗБЕДНОСТА
НА УЧИЛИШНИТЕ ЗОНИ ВО СКОПЈЕ



# Проект:

## Безбедни училишни зони
## “Star Rating for Schools”

**РЕПОРТ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА БЕЗБЕДНОСТА НА УЧИЛИШНИТЕ ЗОНИ ВО СКОПЈЕ**

www.starratingforschools.org

★★★★★

Проектот "Star Rating for Schools" се спроведе во Македонија во текот на ноември и декември. Преку активностите на проектот, се спроведе истражување на две основни и три средни училишта во Скопје за да се процени степенот на безбедност на зоните околу училиштата од кои најголемиот дел од учениците доаѓаат на училиште.
Проектот официјално започна на почетокот на новата учебна година, на 10-ти септември. Учениците од 4-то одделение од основното училиште „Димитар Миладинов", наставничките и сообраќајната полиција од СВР Скопје, со безбедносни елеци заедно ги поминаа пешачките зони во радиус на училиштето. Со оваа активност, дечињата увидоа како безбедно да преминат улица, а кај сите останати учесници во сообраќајот ја покренавме свеста за безбедноста на сите учесници во сообраќајот, а најмногу на децата.

Акцијата привлече огромен позитивен публицитет кај општата јавност, а другите општини низ земјата побараа ваков тип на анализи да се спроведат и на нивна територија.
Експертите на АМСМ кои работеа на проектот ги посетија и оценија училиштата во Скопје, кои беа одредени во заеднички консултации со град Скопје и општина Центар. Истражувањето се спроведе со апликацијата која е креирана токму за овој проект од страна на Меѓународната програма за евалуација на патиштата - iRap.

## Училиште:

ОУ „Димитар Миладинов“

# Зони:

- Булевар **„Кочо Рацин"**
- Улица **„11 Октомври"**

# Зона:
# Булевар **„Кочо Рацин"**

## "STAR RATING FOR SCHOOLS"

| ПРЕД | ПОТОА | ДОДАДЕНИ |
|---|---|---|
| Пешаци | Пешаци | Пешаци |
| ★★★ | ★★★★ | +1 |
| Возачи | Возачи | Возачи |
| ★★★★ | ★★★★★ | +1 |

Булеварот „Кочо Рацин" резултираше со умерен ризик за пешаци (3 ѕвезди) и 4 ѕвезди за возачи. Истиот има две ленти во насока, кои се широки и соодветно одделени. Се чини дека проблемот кај безбедноста на ова училиште е во паркираните возила пред влезот на училиштето, иако на оваа страна од училиштето има широка пешачка ограда. Родителите немаат соодветен пристап за да влезат и да ги однесат своите деца до училишната зона, па затоа возилото го оставаат паркирано на булеварот или паркираат пред влезот. Обележувањето на булеварот е соодветно и состојбата на патот е добра. Протокот на возилото е висок затоа што влезот на училиштето се наоѓа на еден од пофреквентните булевари и нема пешачки премин, освен на крстосницата на левата и десната страна на училиштето.







# МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА:

**1.** Поставување пешачки премин околу влезот на училиштето.
**2.** Да се определи отворена зона за влез во училиштето, со помош на супервизор, каде што родителите ќе можат привремено да дојдат, да ги остават децата супервизорот без да го нарушат сообраќајот.
**3.** Поставување испакнатини на патот за контрола на ограничување на брзината по должината на улицата.
**4.** Поставување знаци за училишната зона и ограничување на брзината.



# Зона:

# Улица „11 Октомври"

## "STAR RATING FOR SCHOOLS"

| ПРЕД | ПОТОА | ДОДАДЕНИ |
|---|---|---|
| Пешаци | Пешаци | Пешаци |
| ★★ | ★★★★ | +2 |
| Возачи | Возачи | Возачи |
| ★★★★ | ★★★★★ | +1 |

Оваа улица резултираше со висок ризик за пешаци (2 ѕвезди) и 4 ѕвезди за возачи. Улицата има три ленти во секоја насока, кои се широки и одделени. Оваа улица се наоѓа во центарот на градот и протокот на возилото е многу висок во текот на целиот ден. Постои широк пешачки тротоар, со велосипедска лента на него. Постојат две крстосници со пешачки премини; сепак пешаците ја минуваат улицата во средината, бидејќи има автобуски постојки на двете страни. Возилата обично се привремено паркирани на страничната лента.







# МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА:

1. Поставување на пешачки премин на  средина на улицата.
2. Спречување на пешаците да ја минуваат улицата на средина.
3. Спречување на паркирање на возила на страничната лента на улицата.



# Училиште:

ОУ „Кочо Рацин“

# Зони:

- Улица **„Тодор Александров“**
- Улица **„Партенија Зографски”**

# Зона:
# Улица „Тодор Александров“

## “STAR RATING FOR SCHOOLS”

| ПРЕД | ПОТОА | ДОДАДЕНИ |
| --- | --- | --- |
| Пешаци ★★★ | Пешаци ★★★★ | Пешаци +1 |
| Возачи ★★★★ | Возачи ★★★★★ | Возачи +1 |

Оваа улица беше обновена и реставрирана во изминатите години од страна на локалната власт. Улицата има две широки ленти во секоја насока, соодветно разделени, со тесна велосипедска лента од двете страни. Резултатите покажаа рејтинг од 3 ѕвезди за пешаци и 4 ѕвезди возачи. Влезот на училиштето е на самата улица и постои пешачка ограда од страната на училиштето. Постојат и испакнатини за контролирање на брзината, а обележувањето, како и состојбата на патот е добро. Постои предупредување за училишна зона. Патот е на извишување над 7,5%. Овде проблемот, исто така, се чини дека е влезот на училиштето, така што родителите ги оставаат своите возила на велосипедската патека и половина од автомобилска лента за да можат да ги испратат учениците во училниците.







# МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА:

1. Поставување пешачки премин околу влезот на училиштето.
2. Да се определи отворена зона за влез во училиштето, со помош на супервизор, каде што родителите ќе можат привремено да дојдат, да ги оставаат децата супервизорот без да го нарушат сообраќајот.



## Зона:

# Улица „Партенија Зографски”

## “STAR RATING FOR SCHOOLS”

| ПРЕД | ПОТОА | ДОДАДЕНИ |
|---|---|---|
| Пешаци | Пешаци | Пешаци |
| ★ | ★★★★ | +3 |
| Возачи | Возачи | Возачи |
| ★★ | ★★★★ | +2 |

Оваа улица е лоцирана на левата страна на училиштето, гледајќи го истото пред нас. Улицата е тесна и има паркирани возила од двете страни на улицата. Веројатно има две ленти, но не постои обележување. Лентата е тесна и осветлувањето на улицата е лошо. Нема тротоар, па пешаците одат по улицата. Нема пешачки премин и нема знак или обележување дека тоа е училишна зона. Прегледноста на улицата е лоша, а приклучувањето за на булеварот „Кочо Рацин” е необележан, без никакви знаци и со исклучително висок ризик.







# МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА:

1. Поставување на пешачки премин на  улицата.
2. Соодветно обележување на улицата.
3. Поставување на анти-паркинг стубови за да се спречи паркирањето на возилата на двете страници на пешачката патека.
4. Поставување на ограда на пешачката патека на двете страници на улицата.
5. Поставување знаци за училишна зона и рестрикција на брзината на возење.
6. Соодветно приклучување на булеварот „Кочо Рацин" со знаци.



# Школо:

СУГС „Орце Николов“

# Зони:

- Булевар **„Илинденска“**
- Улица **„Мирка Гинова”**

# Зона:
# Булевар „Илинденска“

## “STAR RATING FOR SCHOOLS”

| ПРЕД | ПОТОА | ДОДАДЕНИ |
|---|---|---|
| Пешаци | Пешаци | Пешаци |
| ★★★ | ★★★★ | +1 |
| Возачи | Возачи | Возачи |
| ★★★★ | ★★★★★ | +1 |

Булеварот е лоциран пред влезот на училиштето. Резултатите од истражувањето покажаа дека оваа улица не е особено ризична за возачите (4 ѕвезди) и има умерен ризик за пешаците (3 ѕвезди). Булеварот има две широки ленти во секоја насока, со соодветно обележување и без дефекти во површината на патиштата, па целокупната состојба на патот е добра. Ограничувањето на брзината е 50 km/h, но брзината со која оперираат голем дел од возачите е над дозволената граница, со исклучок на часовите во кои има поголем сообраќаен метеж. Патот нема кривини, нема пресек. Пешаците се наидуваат кон влезот на училиштето од левата и од десната страна на тротоарот. Страничната прошетка од двете страниципоширока од 3 метри и пешаците преминуваат на пешачки премин со семафор. Единствениот проблем за пешаци тука е дрворедот на пешачкиот тротоар. На тротоарот има соодветно означена велосипедска лента.







# МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА:

1. Подобрување на контролата на брзината на возилата на булеварот.
2. Поставување испакнатини на патот за контрола на ограничување на брзината по должината на булеварот.
3. Редовно поткастрување на дрворедот на пешачката патека.



# Зона:

# Улица „Мирка Гинова"

## "STAR RATING FOR SCHOOLS"

| ПРЕД | ПОТОА | ДОДАДЕНИ |
|---|---|---|
| Пешаци | Пешаци | Пешаци |
| ★ | ★★★★ | +3 |
| Возачи | Возачи | Возачи |
| ★★ | ★★★★ | +2 |

Улицата се наоѓа позади училиштето, од каде што голем број на ученици доаѓаат на училиште. Конечниот резултат покажа дека пресекот е особено ризичен за пешаците. Врз основа на внесените податоци на апликацијата, пешаците се најподложни на ризик и на оваа улица ѝ беше доделена 1 ѕвезда (највисок ризик). За возачите, овој дел е награден со 2 ѕвезди (висок ризик). Главниот проблем се покажа дека е слабата видливост на улицата поради паркираните возила од двете страни. Улицата е без обележување и нема никакви знаци. Видливоста за преминување или возење е ограничена, бидејќи патот има само една лента, која е тесна и нема никаква ознака. Ограничувањето на брзината е 30 км/ч. Нема испакнатини на патот за ограничување на брзината, кои веројатно се потребни поради ниската видливост на улицата.









# МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА:

1. Поставување на ограда на пешачката патека на двете страници на улицата.
2. Спречување на паркирање на возила на двете страни на улицата со анти-паркинг столбови.
3. Соодветно обележување на улицата и обележување на пешачки премин.
4. Поставување знаци за училишна зона и рестрикција на брзината на возење.
5. Поставување испакнатини на патот за контрола на ограничување на брзината по должината на булеварот.

# Зона:
# Улица „Никола Тесла“

## “STAR RATING FOR SCHOOLS”

**ПРЕД**

Пешаци

★

Возачи

★★

**ПОТОА**

Пешаци

★★★★

Возачи

★★★★

**ДОДАДЕНИ**

Пешаци

**+3**

Возачи

**+2**

Улицата се наоѓа на десната страна, гледајќи го влезот на училиштето пред нас. Врз основа на податоците внесени во апликацијата, постои најголем ризик за пешаци - 1 ѕвезда и 2 ѕвезди за возачи (висок ризик). Улицата има една лента во секоја насока, неподелена и без означени ленти. Состојбата на патот е добра; возачот не требаше да се фокусира на избегнување на дефекти на патот. Сепак, возилата се паркираат на двете страни, така што видното растојание е слабо и практично нема тротоар за пешаците. Нема пешачки премин.









# МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА:

1. Поставување на анти-паркинг стубови за да се спречи паркирањето на возилата на двете страници на пешачката патека.
2. Дополнителна контрола за превенирање на паркинг на возила.
3. Обележување на пешачки премин.
4. Поставување испакнатини на патот за контрола на ограничување на брзината по должината на булеварот.
5. Подобрување на квалитетот на пресекот со соодветни знаци.

# Училиште:

СУГС „Јосип Броз Тито“

## Зони:

- Улица **„Димитрие Чуповски“**
- Булевар **„Св. Климент Охридски“**

# Зона:

# Улица „Димитрие Чуповски“

## “STAR RATING FOR SCHOOLS”

| | ПРЕД | ПОТОА | ДОДАДЕНИ |
|---|---|---|---|
| Пешаци | ★★ | ★★★★ | +2 |
| Возачи | ★★★★ | ★★★★★ | +1 |

Лоцирана пред влезот на училиштето, оваа улица, според конечниот резултат на апликацијата, е особено ризична за пешаците (2 ѕвезди) и има умерен ризик за возачите (4 ѕвезди). Улицата има две ленти во секоја насока, правилно обележани, без јасни дефекти на површинскиот изглед. Оваа улица има крстосници, излегува на булеварот „Св. Климент Охридски“ и има означен пешачки премин, иако нема пешачка ограда. Протокот на возила на оваа улица е исклучително висок и истата е подложна на сообраќаен метеж. Постојат паркиралишта за возилата на другата страна на пешачкиот премин. Забележано е дека пешаците ја минуваат улицата надвор од пешачкиот премин, веднаш пред влезот на училиштето.








# МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА:

1. Поставување на анти-паркинг стубови за да се спречи паркирањето на возилата на двете страници на пешачката патека.
2. Дополнителна контрола за превенирање на паркинг на возила.
3. Обележување на пешачки премин.
4. Поставување испакнатини на патот за контрола на ограничување на брзината по должината на булеварот.
5. Подобрување на квалитетот на пресекот со соодветни знаци.

# Зона:

# Булевар „Св. Климент Охридски“

## “STAR RATING FOR SCHOOLS”

| ПРЕД | ПОТОА | ДОДАДЕНИ |
|---|---|---|
| Пешаци ★★★ | Пешаци ★★★★ | Пешаци +1 |
| Возачи ★★★ | Возачи ★★★★ | Возачи +1 |

Булеварот е лоциран на десната страна на училиштето, гледајќи го училиштето пред нас. Резултатите од анализите покажаа дека овој булевар има умерен ризик (3 ѕвезди) за пешаците и возачите. Булеварот има крстосница, со семафор и пешачки премин. Во секоја насока има 2 широки ленти со адекватна разграниченост. Тротоарите се над 3 метри широки на секоја страна и забележани се паркирани возила само на едната страна од улицата. Исто така постојат и возила паркирани за кратко време, бидејќи од една страна на улицата има аптека, а од друга страна може да се најде еден од популарните барови во градот. Исто така, постои велосипедска лента, со што лентите се малку потесни од претходно. Забележано е дека возачите возат побрзо од ограничувањето на брзината, со исклучок на часовите кога има сообраќаен метеж.







# МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА:

1. Подобрување на контролата на брзината на возилата на булеварот.
2. Спречување на паркирање на возила на велосипедските ленти на двете страни на улицата.
3. Поставување на анти-паркинг стубови за да се спречи паркирањето на возилата на двете страници на пешачката патека.

## Училище:

СУГС „Цветан Димов“

# Зони:

- Улица **„Џон Кенеди“**
- Улица **„ЛазарТрповски“**

# Зона:

# Улица „Џон Кенеди“

## “STAR RATING FOR SCHOOLS”

| ПРЕД | ПОТОА | ДОДАДЕНИ |
|---|---|---|
| Пешаци | Пешаци | Пешаци |
| ★ | ★★★★ | +3 |
| Возачи | Возачи | Возачи |
| ★★ | ★★★★ | +2 |

Лоцирана пред влезот на училиштето, оваа улица доби резултат од најголем ризик за пешаците (1 ѕвезда) и висок ризик за возачите (2 ѕвезди). Улицата веројатно има една лента во секоја насока, што не може да биде прецизно утврдено, бидејќи на улицата практично нема исцртување. Постојат паркирани возила од двете страни на тротоарите, па пешаците се движат по патот. Освен паркираните возила на тротоарите, на улицата привремено се паркираат возилата што ја стеснуваат лентата до крајната точка, каде што возилата се повлекуваат на другата лента, иако треба да бидат правилно поделени. Ограничувањето на брзина е над утврденото ограничување на брзината. Има знак за пешачки премин, но нема означен пешачки премин. Пешаците ја минуваат улицата насекаде. Влезот на училиштето е ограничен поради паркираните возила пред влезот.







# МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА:

1. Поставување на анти-паркинг стубови за да се спречи паркирањето на возилата на двете страници на пешачката патека.
2. Дополнителна контрола за превенирање на паркинг на возилата на улицата.
3. Соодветно обележување на пешачкиот премин.
4. Соодветно обележување на целата улица.
5. Поставување испакнатини на патот за контрола на ограничување на брзината по должината на булеварот.
6. Поставување на ограда на пешачката патека на двете страници на улицата.
7. Поставување знаци за училишна зона и рестрикција на брзината на возење.

# Зоне:

# Улица „Лазар Трповски“

## “STAR RATING FOR SCHOOLS”

| | ПРЕД | ПОТОА | ДОДАДЕНИ |
|---|---|---|---|
| Пешаци | ★ | ★★★★ | +3 |
| Возачи | ★★ | ★★★★ | +2 |

Улицата се наоѓа на десната страна на училиштето. Конечниот резултат покажува дека оваа улица е со најголем ризик за пешаците (1 ѕвезда) и има висок ризик за возачите (2 ѕвезди). Улицата нема никакво обележување; нема видливи знаци и нема пешачки премин. Нема паркирани возила на тротоарите, но на улицата привремено се паркираат возила. Пешаците одат по тесниот тротоар, но насекаде ја минуваат улицата. Брзината со која оперираат возачите е над утврдената брзина.







# МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА:

1. Дополнителна контрола за превенирање на паркинг на возилата на улицата.
2. Соодветно обележување на пешачкиот премин.
3. Соодветно обележување на целата улица.
4. Поставување испакнатини на патот за контрола на ограничување на брзината по должината на булеваротот.
5. Поставување на ограда на пешачката патека на двете страници на улицата.
6. Поставување знаци за училишна зона и рестрикција на брзината на возење.

AMCM